Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено: 28-12-2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 7201 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 декември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 27 октомври 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-1111, 27.10.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (28.10.2015), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово, емитуван на 14 декември, на државно ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>во целост не постапил по решението</u>** за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-1111, 27.10.2015

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на албански и на македонски јазик, од која половина треба да биде во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово, емитуваше 5 часа 6 минути и 37 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазик, што е 22,07% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 9 минути и 12 секунди), односно за 4 часа 9 минути и 4 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:09:12), е 9 часа 15 минути и 41 секунда.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 37 минути и 50 секунди изворно создадена програма во РМ на албански и на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, сервисот на ТРД ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово, емитувал вкупно 1 час 54 минути и 20 секунди програма на албански јазик, што е за 2 часа 43 минути и 30 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово, на 14 декември 2015 година, не емитуваше најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 27 октомври 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка